GEORGIEVSKI MIROSLAV-MIRO

ILUSTRIRANA BIOGRAFIJA

# FILIP II MAKEDONSKI



EPIZODA

# KLEOPATRA

UREDNIK
ELIZABETA ANDONOVSKA

Армијата на кралот Филип на големо се подготвува за освојувачкиот поход кон Персија. За таа цел Кралот наредил да се изгради град-макета наречен Епидаур на кој војниците изведувале воени вежби




Филип ја користи секоја прилика за да влезе во македонски дом за да на народот лично му ја објасни неговата идеја за Македонија како центар на светот




Во организацијата на државата, кралот Филип барал совети од умните глави, па дури и од оние кои своето образование го стекнале во Атина




Атина не е свесна за подготовките кои Филип темелно ги спроведува. Потпомогната од сојузот со Теба и несе-ната помош од Персија, Атина ги освојува Термопилите. На тој начин ја отсекува Македонија од сојузничките грчки острови



Освојувањето на Термопилите не создава паника кај кралот Филип. Неговите генерали, па и синот Александар сметаат дека е дојдено време конечно да се расчисти со Атина, но Филип чека ...




Персискиот цар Дарије својата огромна војска ја насочува кон освојување на Египет, што претставува знак за кралот Филип дека од таа страна не постои опасност. Поради тоа, тој своето внимание го насочува кон Атина и Теба на кои ќе им даде убава лекција




Во планот за освојување на Термопилите, идејата на кралот Филип била да се ангажира тесалиската коњаница предводена од него и синот Александар. Но, ризикувајќи нешто повеќе во борбата, Филип бил ранет




Ранетиот Филип одлучува да се лекува во блискиот Амфис и тоа поради две причини - едната е што бил во близина на Атина, а втората е преубавата принцеза од Амфис - Клеопатра, која му станала и сопруга

